Согласно член 29 од Статутот на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола, ул. Бурса бр. 65, а врз основа на одлуката на Одборот на директори од 02.06.2021 година, се објавува следниот

# Ј А В Е Н   П О В И К

Се свикува вонредно Собрание на акционери на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола.

Собранието ќе се одржи на ден 05.07.2021 година /Понеделник/ со почеток во 12 часот во деловните простории на Друштвото, ул. Бурса бр. 65, Битола, со почитување на препораките на Владата за заштита од COVID-19.

За Собранието се предлага следниот

# Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1.Избор на претседавач.

2.Избор на Верификациона комисија од 3 члена, записничар - нотар и еден бројач на гласови.

3.Предлог-одлука за измени на Статутот на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола.

Вкупниот број на акции со право на глас е 71.709 акции.

Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, лично или од него именувано лице, кое ќе го претставува во Собранието со писмено полномошно.

Образецот за полномошно може да се преземе од интернет страницата www.fustelarko.com.mk.

Акционерите за даденото полномошно го известуваат друштвото на маил finance@fustelarko.com.mk.

Акционерите можат да предлагаат точки во дневниот ред во рок од 8 дена од денот на објавата на Јавниот повик, согласно член 390 од Законот за трговски друштва (детални информации на официјалната интернет страница).

Акционерите можат да извршат увид во материјалите на друштвото за предложените точки од дневниот ред во правна служба секој работен ден од 10 до 14 часот, како и на официјалната интернет страница на друштвото www.fustelarko.com.mk.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА АМБАЛАЖА ОД ХАРТИЈА И КАРТОН ЗАШТИТНО ДРУШТВО ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ БИТОЛА